| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 37771/1-3-1 |
|---|---|---|
| | | **Датум: 22.04.2024** |
| | | **Стр.** 1/1 |

# МИСЛЕЊЕ
## за Извештајот на друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје

Во текот на првиот квартал во 2024 година, друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје изврши ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2023 година, кои што вклучуваат Единечен Биланс на Состојба, Единечен Биланс на Успех, Единечен Извештај за сеопфатен приход, Единечен Извештај за промени во капиталот и Единечен Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија применливи во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија, согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските резултати, ревизорите вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на единечните финансиски извештаи за годината што завршува со 31 декември 2023 година, Друштвото за ревизија Грант Торнтон ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на ноември и декември 2023 година, додека главната ревизија се изврши во првиот квартал на 2024 година.

Управниот Одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со регулативата во Република Северна Македонија.

Надзорниот одбор на Банката со задоволство го прифаќа Мислењето на Грант Торнтон ДОО Скопје според кое единечните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално и објективно финансиската состојба на Банката на 31 Декември 2023 година, како и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

Во согласност со Член 89 став 3 точка 26 од Закон за банките, Надзорниот одбор на Банката го доставува ова писмено мислење за наведениот ревизорски извештај до Собранието на акционери.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Георг Бухер